# Културни добра

Секоја нација, секоја земја има своја историја и културни добра од голема уметничка, историска или археолошка вредност, што значи дека тие имаат и значителна финансиска вредност. Меѓутоа, тие се дел од културното наследство на една земја, сведоштво за развојот на идентитетот на таа нација и затоа треба да се почитуваат, чуваат и штитат од оштетување, кражба, тајни ископувања, нелегален увоз, извоз и пренос на сопственоста, како и од нелегална трговија.

## Што сè се вбројува во културни добра?

Културни добра се сите археолошки предмети, делови и остатоци од историски споменици, древни ракописи, свитоци и книги, уметнички дела, збирки и антиквитети, односно сè што една земја смета дека е дел од нејзиното културно наследство.

## Еден од трите најпрофитабилни облици на организиран криминал

Побарувачката на културни добра предизвикува пораст на уметничкиот криминал, правејќи го сè повообичаен. Вредни уметнички дела, скулптури и археолошки артефакти честопати нелегално се набавуваат, се продаваат и се увезуваат во ЕУ од конфликтните зони. Со висок потенцијал за профит и релативно ниско ниво на ризик, црниот пазар за уметнички дела е еден од трите најпрофитабилни облици на организиран криминал. Слики, статуи, верски предмети, мошти, монети, копчиња, вазни, книги, мечеви и многу други уметнички дела се многу барани, а профитот од нивната трговија се користи за финансирање на тероризам, организиран криминал и перење пари.

**Како што се вели во Хашката конвенција од 1954 година: „Оштетување на културниот имот што му припаѓа на кој било народ значи и оштетување на културното наследство на целото човештво", со што заштитата на културното наследство е наша заедничка одговорност.**

**Можеби се случува токму сега и можби се случува токму пред вашите очи. Бидете свесни за секој показател, спречете недозволена трговија со културни добра, будно внимавајте и набљудувајте и помогнете во ширењето на пораката: ДА НЕ СЕ ИЗНЕСЕ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО!**

**#noheritagetogo**

**ICOM Red Lists Database**

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance 20TH ANNIVERSARY

This material was produced within the framework of a project granted by the Royal Norwegian Government

www.dcaf-ljubljana.si www.dcaf.ch

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance 20TH ANNIVERSARY

# EJ, ШТО ИМАШ ТАМУ?

Да се бориме заедно против недозволената трговија со културни добра



## ТРЕБА ЛИ ДА БИДЕТЕ СОМНИЧАВИ?



### ЛИЦЕ И ПАТУВАЊЕ

**1. Невообичаено однесување**
- Дали лицето се однесува невообичаено?

**2. Земја на потекло на лицето**
- Дали е невообичаено тоа што државјанин на таа земја пристигнува на тој граничен премин?

**3. Луѓе со криминално досие**
- Дали некогаш лицето било осудувано или поврзано со трговија со луѓе, криумчарење, кражба или фалсификување?

**4. Маршрута на патувањето (до/преку/од културно богатите земји)**
- Дали има некои невообичаени работи во маршрутата на лицето?
- Дали лицето пристигнува од земја со културно богатство?
- Дали лицето било во земја со културно богатство за време на своето патување?
- Дали лицето патува често на истите локации, особено во земји со културно богатство?

**5. Земја на дестинација**
- Дали лицето патува во земја позната по трговија со културни добра?



### ПРЕДМЕТИ

**1. Список на најчесто шверцувани културни добра**
- Дали лицето поседува некој од следниве предмети: монети, скулптури, керамика, икони, книги накит?
- Дали лицето патува од земја со културно наследство со некој предмет од црвената листа на

**2. Предметите што ги поседува се валкани, нечисти, влажни, калливи**

**3. Сомнителна документација**
- Дали на лицето му недостасува официјална документација или прифатливо објаснување (доказ) за потеклото на предметот што го поседува?
- Дали документацијата за предметот што го поседува е рачно напишана?
- Дали лицето поседува документација што не е соодветна за предметот што го поседува?

**4. Потекло на предметите**
- Дали лицето тврди дека предметот потекнува од археолошки локалитет, галерија или музеј?

**5. Идентификување на познати национални археолошки области**
- Дали лицето набавило некој предмет во место (регион, град) што нема познати локалитети за ископување или институции поврзани со соодветното културно наследство?

**6. Невообичаен транспорт на предмети**
- Дали надворешниот изглед на лицето или превозното средство што го користи не соодветствува на вредноста на стоката што ја превезува (проверете ја документацијата прикачена на предметот доколку ја има)?
- Дали лицето пренесува некој предмет на несоодветен начин, на пример, слики завиткани во ролна, или предмети во торба без да се стави соодветна ознака?



### ПОСЕДУВАЊЕ ОПРЕМА

**1. Поседување мапи, книги со обележани страници или скици на некоја област**
- Дали лицето поседува литература (печатена и/или дигитална) или други средства за откривање на културни добра повеќе отколку што е вообичаено за патниците?

**2. Поседување опрема за ископување**
- Дали лицето има предмети од типот на или слични на детектори за метал, лопати, четки, кофи, опрема за копање итн.?

